‚Кој ќе се заколне во нешто друго освен во Аллах, направил неверство (куфр) или многубоштво (ширк).‘“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него, слушнал некој човек како вели: „Не, се колнам во Ќаба.“, па Ибн Омер рекол: „Не се колни во ништо друго освен во Аллах, бидејќи го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Кој ќе се заколне во нешто друго освен во Аллах, направил неверство (куфр) или многубоштво (ширк).‘“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека кој ќе се заколне во нешто друго освен во Аллах, или Неговите имиња и својства, направил чин на неверство или ширк, бидејќи заклетвата подразбира величање на она во што се колне, а величието му припаѓа само на Возвишениот Аллах. Затоа, не треба да се колнеме во ништо друго освен во Аллах, или во Неговите имиња и својства. Под ова колнење се подразбира малиот ширк; но, ако оној што се колне го велича она во што се колне на начин како што се велича Возвишениот Аллах, или повеќе од тоа, тогаш тоа е голем ширк.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3359